# АНАЛИЗА

## НА ПОТРОШУВАЧКАТА НА ЕКСТРА ЛЕСНО МАСЛО ЗА ГОРЕЊЕ И ПРЕДЛОГ МЕРКИ ЗА СУЗБИВАЊЕ НА НЕЛЕГАЛНОТО КОРИСТЕЊЕ И УПОТРЕБА

### Вовед

Екстра лесното масло за горење или т.н "црвена нафта за домаќинство" е енергенс чија основна намена е користење за горење и загревање. Намената на екстра лесното гориво за домаќинство е различна од намената на дизел горивото кое се користи како погонско гориво за задвижување на мотори со внатрешно согорување на возила и постројки и поради тоа и даночното оптеретување е помало во однос на дизел горивото. Согласно одредбите во Законот за акцизите (Сл. весник број 108/2019 ... 275/2019) со цел користење на екстра лесното масло за горење, истото има повластена стапка на акциза од 6,136 ден/лит[1], а од сродното дизел гориво се разликува со помала стапка на акциза за 9 денари. Стапката на акциза за дизел горивото изнесува 15,121 ден/лит.

Малопродажната цена на дизел горивото во моментот[2] изнесува 45,5 ден/лит, а на екстра лесното гориво 33,5 ден/лит. Големата разлика во малопродажните цени (12 ден/лит.) помеѓу дизел горивото и екстра лесното гориво мотивира одделни субјекти во прометот истото да го продаваат спротивно на постојните законски одредби, а одредени корисници да го користат спротивно на намената, односно да го гористат како погонско гориво во моторни возила, механизациони машини, уреди и постројки што е забранeто.

### Обележување на екстра лесното гориво

Со цел да се елиминираат злоупотребите, со одредби во Законот за акцизите предвидено е екстра лесното гориво да биде обележано со црвена боја и да биде маркирана со посебен маркер[3]. Со овие одредби е предвидено маркирањето да се врши во акцизен склад или доколку се увезува како веќе обележано, увозникот да приложи доказ од странски надлежен орган дека екстра лесното гориво е обележано надвор од државата.

### Трговија на мало

Во Законот за трговија е определено на кои места се врши трговија на мало при што е утврдено дека трговијата на нафтени деривати на мало се врши на бензинските станици под услови пропишани со закон и друг пропис. Трговијата на нафтени деривати на мало на бензинските станици се врши преку

---

[1] Согласно Уредбата со законска сила за измена на Законот за акцизите објавена во Сл. Весник број број 105 од 21 април 2020 износот на екстра лесно гориво е зголемено на 9,136 ден/лит., а акцизата за дизел горивото на 18,121 ден/лит во период на вонредната состаојба и 7 месеци по завршување на истата. Акцизата на дизел горивото е предвидено скалесто да опаѓа во зависност од цената на светските берзи, а акцизата на екстра лесното гориво останува фиксно зголемена.

[2] Податок со важност на 18 мај 2020

[3] Одредбите за маркирање се пропишани во членот 101 од Законот за акцизите и членот 31 од Правилникот за начинот на оданочување со акциза на енергенти и електрична енергија

апаратите за точење на самата бензинска станица кои треба да се прописно баждарени и обележани за видот на горивото кое се точи, цената и издадената литража.

Како дополнителна законска мерка во спречувањето на злоупотребата на екстра лесното гориво која се продава на бензинските станици, секоја година Министерството за економија носи Одлука за забрана на продажба на одделни нафтени деривати со која се забранува прометот на мало на бензинските станици со екстра лесно масло за домаќинство ЕЛ-1 во периодот од 15-ти април до 15-ти октомври во тековната година или во т.н "летен период". Во останатиот период т.н "зимски период" продажбата е дозволена да се врши преку бензинските станици кон сите лица, при што трговците на мало со екстра лесно гориво (бензински станици) се должни да поседуваат одобрение за вршење трговија со енергенти кои содржат материи за обележување и да бидат регистрирани во регистарот на трговци со обележани енергенти кој се води при Царинската управа.

Трговците на мало со нафтени деривати согласно одредбите во Законот за енергетика не треба да поседуваат лиценца за трговија со нафтени деривати и горива за транспорт, што значи трговијата на мало се одвива слободно, без дозволи или лиценци. Согласно одредбите од Законот за акцизи забрането е точење на екстра лесното гориво за домаќинство директно во резервоарите на моторните возила.

**<u>Трговија на големо</u>**

Во Законот за енергетика е дефиниран трговецот на големо со горива[4], при што истиот за обавување на својата дејност треба да поседува лиценца издадена од Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги.

Трговијата на големо со екстра лесното гориво се одвива непречено во текот на целата година од страна на лиценцираните трговци на големо со горива, а кои екстра лесното гориво го доставуваат до крајните потрошувачи.

Екстра лесното гориво се увезува слободно во текот на целата година, а статистиката покажува дека количините на увезена црвена нафта во текот на летниот период е значително помала во однос на зимскиот период.

Дел од трговците на големо со нафтени деривати се и трговци на мало и истите поседуваат бензински станици. Дел од нив продажбата на црвената нафта ја вршат директно до крајниот потрошувач и истоварот се врши во простории на крајниот купувач/потрошувач (продажба директно од возило-цистерна во резервоарот на крајниот корисник).

**<u>Статистички податоци 2010 - 2019</u>**

Потрошувачката на екстра лесното гориво во период од 2010 година се до 2019 година е во континуиран пад и истата во последната година (2019) е преполовена во однос на 2010 година.

---

[4] Во членот 146 став 1 од Законот за енергетика се наведени дејностите кои трговецот на големо со нафтени деривати може да ги обавува, а тоа е да купува сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и/или горива за транспорт од производители, да тргува со други трговци на големо со горива и да ги снабдува трговците на мало со горива (бензинските станици) и потрошувачите.

Трендот на користењето и соодветно на тоа увозот е прикажан во табелите во продолжение.




Во поглед на износите на акцизата од екстра лесното гориво, податоците во однос на количините се променети со оглед дека акцизата во 2018 година е зголемена од 3,136 ден/лит на 6,136 ден/лит. односно за 50%, така да приходите остварени во 2019 година се на приближно ниво на приходите од 2010 година во која количините се двојно поголеми.




Ако се погледне односот на количините на екстра лесното гориво од внатрешен промет (гориво пуштено во слободен промет од акцизни складови) наспроти количините од увоз во текот на годините, може да се забележи дијаметрално спротивен тренд на движење. Расте трендот на увоз и веднаш пуштање во промет, а се намалува трендот екстра лесното гориво да се пушта од акцизен склад.




Во делот на износите на акцизите, трендот од количините во внатрешен промет и од увоз се пресликува и во делот на распределбата и на износите на наплатената акциза.




Скокот во приходите во 2018 се должи на зголемената акциза за екстра лесното гориво.

## Анализа на трговија со екстра лесно гориво во 2019

Количините на екстра лесното гориво која се пушта во промет во текот на годината, е поголема во текот на зимскиот период наспроти летниот период, што е и логичен распоред со оглед на основната намена на екстра лесното како гориво за греење.

| 2019 | КОЛИЧИНА x 1.000 лит. | удел | удел | АКЦИЗА мил.ден. | мил.eur. |
|---|---|---|---|---|---|
| **Јануари** | **7.360,00** | **14%** | **35%** | **46,50** | **0,76** |
| **Февруари** | **5.943,00** | **11%** | | **37,14** | **0,60** |
| **Март** | **5.386,00** | **10%** | | **33,38** | **0,54** |
| Април[5] | 3.261,00 | 6% | **25%** | 20,61 | 0,33 |
| Мај | 1.926,00 | 4% | | 12,03 | 0,20 |
| Јуни | 1.773,00 | 3% | | 11,16 | 0,18 |
| Јули | 2.027,00 | 4% | | 12,59 | 0,20 |
| Август | 2.220,00 | 4% | | 13,79 | 0,22 |
| Септември | 2.252,00 | 4% | | 13,97 | 0,23 |
| **Октомври** | **6.777,00** | **13%** | **40%** | **41,73** | **0,68** |
| **Ноември** | **6.809,00** | **13%** | | **41,96** | **0,68** |
| **Декември** | **7.760,00** | **15%** | | **47,86** | **0,78** |
| ВКУПНО | 53.494,00 | | | 332,72 | 5,41 |







Податоците добиени од трговците на големо кои тргуваат со црвена нафта, покажуваат дека во текот на летниот период (од 15 април до 15 октомври) количините се во однос 1 : 3, што е во корелација и со податоците за количините кои се пуштени во слободен промет прикажани во претходната табела.

Уделот на екстра лесното гориво за греење во вкупните годишни количини на нафтени деривати пуштени во потрошувачка од 5,6% се занемарливи споредено со сродното дизел гориво кое е со најголем удел на пазарот во нашата земја со над 72%, но сепак со вкупни годишни количини од околу 54 милиони литри е значително повисок во однос на Еуросупер БС 98 горивото кое е со удел од 2,2 % на пазарот. Со оглед на пониskиот износ на акцизата, екстра лесното гориво во делот на приходите има уште понизок удел во вкупните приходи кој се движи околу 2,4% и е најнизок вкупен приход од течните горива.




5 Количините во текот на месец април (до 15-ти) се ставени во летен период, а количините во Октомври се целосно земени при анализите.

Врз основа на податоците за увезени количини екстра лесно гориво и количини пуштени во слободен промет од акцизните складови, за период 1 јануари – 31 декември 2019 година, најголем дел од пазарот има компанијата Окта со удел од 84%, а останатите компании се со удел од 16%.




Вкупната количина екстра лесно гориво која е пуштена во промет од страна на компанијата Окта за 2019 година, изнесува околу 50 милиони литри. Окта како увозник и трговец на големо со нафтени деривати, најголемиот дел од екстра лесното гориво го продава на останати трговци на големо.

Најголеми купувачи на екстра лесното гориво се компанијата Пуцко Петрол, Дади Оил и Супертрејд со вкупен удел од околу 70%, додека компаниите Макпетрол, Детоил, Црна Река Петрол и Моби Петрол имаат удел од околу 27%. Пресостанатите 3% се продажби кон крајни корисници од страна на самата компанијата.

Целосна слика на компаниите кои вршат трговија со екстра лесно гориво се добива кога кон количините кои ги продава Окта спрема трговците на големо се приклучат и количините кои се увезуваат од страна на останатите увозници. Во првата група на компании кои продаваат кон крајни корисници спаѓаат компаниите Пуцко Петрол, Дади Оил и Супертрејд со вкупен удел од околу 65%, а во останатите се Макпетрол, Детоил, Црна Река Петрол, Окта, Моби Петрол и Лукоил со вкупен удел од околу 35% на пазарот.




## Структура на потрошувачите на екстра лесно гориво во 2019

Врз основа на податоци на испорачани количини екстра лесно гориво спрема крајните потрошувачи, доставени од страна на најголемите компании кои учествуваат на пазарот на екстра лесно гориво и кои опфаќаат над 98% од пазарот, направена е слика за структурата на крајните потрошувачи.

Генерално, заради природата на користење на црвената нафта, поделбата е направена на државни институции и на приватни компании, при што приватните компании покриваат околу 70% од пазарот а државните околу 30%.



Со оглед на намената на екстра лесното масло како енергенс кој се користи за греење, паралено е направена споредба на количините кои се трошат во текот на зимската грејна сезона и количините во летната сезона. Податоците јасно покажуваат дека кај државните институции основната намена е греење и затоплување на административните простории и најголем дел од екстра лесното гориво се користи во зимскиот период.




Кај приватните компании, состојбата е различна и користењето на екстра лесното гориво и за други процеси поврзани со дејноста на крајниот потрошувач. Потрошувачката на екстра лесното гориво во летниот период е преполовено во однос на зимскиот период, а по количина е во рамки на количините кои ги користат државните институции во текот на зимскиот период.




## <u>Државни институции - корисници на екстра лесно гориво за греење</u>

Структурата на државните институции е направена врз основа на податоците за јавна набавка на екстра лесно гориво за загревање на административните простории и згради на државните институции и врз основа на податоците од компаниите кои испорачувале екстра лесно гориво на државните институции.

| 2019 | Државни институции | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | Општини | ЈП | Држ. Органи. | ЈЗУ | ЈДГ | ОУ | СОУ | ВОИ | НУ | Верски Обј. |
| | x 1.000 лит. | x 1.000 лит. | x 1.000 лит. | x 1.000 лит. | x 1.000 лит. | x 1.000 лит. | x 1.000 лит. | x 1.000 лит. | x 1.000 лит. | x 1.000 лит. | x 1.000 лит. |
| ГРЕЈНА СЕЗОНА | **14.711,38** | 956,60 | 459,38 | 3.360,39 | 2.796,02 | 1.069,96 | 3.992,68 | 1.209,89 | 462,81 | 350,76 | 52,89 |
| ЛЕТНА СЕЗОНА | **1.412,94** | 8,00 | 162,95 | 520,06 | 263,60 | 101,63 | 254,40 | 50,19 | 32,90 | 0,00 | 19,20 |
| **ГОДИШНО** | **16.124,33** | **964,60** | **622,33** | **3.880,45** | **3.059,62** | **1.171,59** | **4.247,09** | **1.260,08** | **495,71** | **350,76** | **72,09** |
| **удел во Државни институции** | | **6,0%** | **3,9%** | **24,1%** | **19,0%** | **7,3%** | **26,3%** | **7,8%** | **3,1%** | **2,2%** | **0,4%** |
| **удел во ВКУПНО** | | **1,9%** | **1,2%** | **7,5%** | **5,9%** | **2,3%** | **8,2%** | **2,4%** | **1,0%** | **0,7%** | **0,1%** |

Користењето на екстра лесното гориво за греење во државните институции е исклучиво во текот на зимскиот период, така уделот на количините во грејната сезона е 91% додека во летната сезона уделот на количините е 9%. Податоците за количините кои се евидентираат во летниот период, се однесуваат на граничните денови воглавно пред почетокот на грејната сезона во почетокот на месец октомври.



Како крајни потрошувачи кај државните институции најмногу се јавуваат основните училишта со удел од 26% од вкупните количини на државните институции, по што следат различни државни органи (министерства, судови, агенции, управи и сл.) со удел од 24%, јавни здравствени установи (ЈЗУ) со удел од 19%, средни училишта со удел од 7,8%, детски градинки (ЈДГ) со удел од 7,3%, Општините со удел од 6,0%, јавните претпријатија (ЈП) со удел од 3,9% итн. Вкупните количини на екстра лесно гориво за државните институции на годишно ниво изнесува над 16 милиони литри, за што износот само на акцизата се проценува на околу 100 милиони денари. (1,6 мил. евра).




Во однос на вкупната потрошувачка на екстра лесното гориво во 2019 година, основните училишта имаат удел од 8,2%, државните органи со 7,5%, здравствените установи со 5,9%, а останатите се под 3% удел.

## Приватни компании - корисници на екстра лесно гориво за греење

Структурата на приватните компании кои користат екстра лесно гориво е поделена на производствени компании, компании кои тргуваат со деривати на големо и на мало преку бензински станици, угостителски компании, компании кои се регистрирани за градежни активности и обработка на минерали, преработувачки капацитети за преработка на земјоделски производи, млекари, пекари, како и останати субјекти од различен вид (канцеларии, физички лица, приватни здравствени установи и сл.).

Користењето на екстра лесното гориво за греење е проследено во текот на целата година, така уделот на количините во грејната сезона е 67% додека во летната сезона ударот на количините е 33%.

| 2019 | Приватни Компании | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | Пекари | Млекари | Хотели | ГП | Трг. на големо и мало (бенз. ст) | Ф-ки | Преработка | Трансп. комп | ЗИК | Останати | Амбасади |
| | x 1.000 лит. | x 1.000 лит. | x 1.000 лит. | x 1.000 лит. | x 1.000 лит. | x 1.000 лит. | x 1.000 лит. | x 1.000 лит. | x 1.000 лит. | x 1.000 лит. | x 1.000 лит. | x 1.000 лит. |
| ГРЕЈНА СЕЗОНА | **23.725,90** | 1.501,87 | 727,93 | 564,93 | 1.726,60 | 12.258,33 | 4.227,45 | 281,56 | 278,57 | 98,18 | 1.879,76 | 180,73 |
| ЛЕТНА СЕЗОНА | **11.910,60** | 1.325,76 | 904,29 | 404,55 | 2.370,38 | 3.219,67 | 2.646,18 | 622,67 | 25,74 | 3,49 | 302,58 | 85,29 |
| **ГОДИШНО** | **35.636,50** | **2.827,63** | **1.632,22** | **969,48** | **4.096,98** | **15.478,00** | **6.873,63** | **904,22** | **304,30** | **101,67** | **2.182,35** | **266,02** |
| **удел во Приватните компании** | | **7,9%** | **4,6%** | **2,7%** | **11,5%** | **43,4%** | **19,3%** | **2,5%** | **0,9%** | **0,3%** | **6,1%** | **0,7%** |
| **удел во ВКУПНО** | | **5,5%** | **3,2%** | **1,9%** | **7,9%** | **29,9%** | **13,3%** | **1,7%** | **0,6%** | **0,2%** | **4,2%** | **0,5%** |

Количините кои се испорачуваат преку бензинските станици и преку компании кои се занимаваат со трговија на нафтени деривати на големо се најзастапени со удел од 43%, по кој следат фабричките погони на производствените компании со удел од 19%, градежни компании и компании за преработка на минерали со удел од 11,5% и пекарите со удел од 8%. Млекарите како преработувачки компании учествуваат со 4,6%, хотелите и угостителските субјекти учествуваат со 2,7%, компаниите кои се занимаваат со преработка на зеленчук учествуваат со 2,5% во однос на вкупните количини кои ги користат приватните компании. Голем процент од 6,1% имаат сите останати компании кои како крајни потрошувачи користат екстра лесно гориво за греење.




Во однос на вкупната потрошувачка на екстра лесното гориво во 2019 година, убедливо најголем удел имаат бензинските станици и компаниите кои се занимаваат со трговија со нафтени деривати на големо со уддел од 30%. Втор најголем потрошувач се фабриките со удел од 13,3% и градежните компании и компаниите за преработка на минерали со удел од скоро 8%.




## Мерки за сузбивање на нелегална трговија на екстра лесно гориво

За сузбивање на нелегалната трговија со нафтени деривати, односно со нелегална трговија со екстра лесно гориво (нафта за домаќинство), се предлагаат следните пакет мерки:

- Усогласување на квалитетот на екстра лесното гориво со квалитетот на дизел горивото,
- Зголемување и изедначување на акцизата на екстра лесното гориво со акцизата на дизел горивото и
- Воспоставување систем на поврат на акцизата за крајните корисници на екстра лесното гориво

**Усогласување на квалитетот на екстра лесното гориво со квалитетот на дизел горивото**

Во насока на зачувување на животната средина и заштита на здравјето на граѓаните, како прва итна мерка се предлага да се зголемат пропишаните параметри за квалитетот на екстра лесното гориво за домаќинствата или да се изедначат со параметрите за квалитетот на дизел горивото. Усогласувањето треба да се направи во Правилникот за квалитетот на течните горива (Сл.Весник 88/2007, 91/2007, 97/2007, 105/2007, 157/2007 и 15/2008).

Имено, согласно Правилникот за квалитет на горивата, кој е на сила, како и предлог Правилникот за квалитет на течни горива кој е во изработка, пропишаната количина на сулфур кој е дозволен во горивата, за екстра лесното гориво сеуште е предвиден на горна граница од 0,1% m/m наспроти горната граница за дизел горивата од 0,001% m/m.

Предноста на ваквото усогласување е увоз на екстра лесно гориво за греење со исти или приближно исти карактеристики како и дизел горивото. Разликата ќе биде само маркерот и бојата со која треба да се обележи екстра лесното гориво за греење. Бенифитот од оваа мерка е особено изразен во срединитe каде сеуште се користи екстра лесното гориво за загревање (државните институции, училиштата, здравствени установи, градинките и сл.)

**Зголемување на акцизата на екстра лесното гориво**

Висината на акцизата за екстра лесното гориво во моментот[6] изнесува 9,136 ден/лит. наспроти 18,121 ден./ лит., што претставува разлика од околу 9 ден./лит. Разликата во малопродажната цена изнесува 12,00 ден./лит.

Предноста на зголемувањето и изедначувањето на висината на акцизата е приближување и изедначување на малопродажните цени на дизел горивото и екстра лесното гориво (нафта за домаќинство) што треба да резултира со губење на мотивот и економскиот интерес за злоупотреба на користење на екстра лесното гориво како погонско гориво во возила и механизација.

**Воспоставување систем на поврат на акцизата за потрошувачи на екстра лесното гориво**

Претходните две мерки, изедначување на акцизата и на квалитетот на екстра лесното горивото, кај крајните потрошувачи на екстра лесното гориво ќе предизвика:

- финансиски импликации на досегашните корисници кои екстра лесното гориво го користат во производствените процеси или како енергенс за загревање, со што ќе им се зголемат трошоците за набавка,
- зголемување на трошоците на државните институции кои сеуште користат екстра лесно гориво за затоплување на просториите, кое ќе предизвика потреба од дополнителни средства во општините, државните институции, односно ќе предизвика зголемување на расходите во буџетот на државата,

[6] Податок за 18.05.2020

Со цел избегнување или намалување на ефектите од овие состојби, потребно е воведување на систем за поврат на дел од платената акциза за потрошеното екстра лесно гориво. За оваа цел се неопходни измени во Законот за акцизите и во Правилниците кон законот за акцизите.

Дополнително, спрема обемот на активностите за поврат на акцизата, потребни се и системски усогласувања во делот на администрацијата која треба да работи на сегментот за поврат, како во делот на донесување правни акти за враќање на акцизата и во делот на воспоставување систем на контрола и проверка на местата и локациите на користењето на екстра лесното горива кај крајните потрошувачи за кои ќе биде пропишан систем за повратот на акцизата.

Имајќи предвид дека екстра лесното гориво е скап енергенс кој се користи за загревање на административните простории особено во делот на државните институции, потребно е од економски аспект да се воспостави систем за постепено исфрлање на користењето на екстра лесното гориво од државните институции и негова постепена замена со поеколошки и/или поекономичен енергенс (природен гас, струја, инвертер клима уреди, приклучување кон топлификациска мрежа и сл.)

Со цел да се дестимулира понатамошното користење на екстра лесното гориво, треба да се воспостави систем за постепено намалување на износот за поврат кон субјектите кои истото го користат, а со крајна цел преод кон друг енергенс.

Во таа насока се предлагаат три модели за поврат на акцизата за екстра лесното гориво за греење:

1. Модел на континуиран поврат на акцизата,
2. Модел на дефиниран период за поврат на акцизата,
3. Модел на комбинирано зголемување на акцизата од една страна и на намалување на износот за поврат на акцизата.

**Модел 1**

Моделот со континуиран поврат на акцизата подразбира мерка која веднаш ќе ја изедначи акцизата на екстра лесното гориво со акцизата на дизел горивото и паралелно ќе воспостави законски одредби за поврат на дел од акцизата за екстра лесното гориво за греење. Овој модел ќе подразбира дека ќе се овозможи враќање на дел од платената акциза за екстра лесното гориво наменето за греење употребено во процес на производство или како додаток на друг енергенс како гориво за греење во индустријата, во износ кој треба да биде пропишан. Износот за поврат ќе се искажува во денари за литар.

**Модел 2**

Моделот со дефиниран период за поврат на акцизата подразбира мерка која веднаш ќе ја изедначи акцизата на екстра лесното гориво со акцизата на дизел горивото и паралелно ќе воспостави законски одредби со ограничен период на важност за поврат на дел од акцизата за екстра лесното гориво за греење. Овој модел поради ограничен временски период на важност ќе треба да опфати поширок спектар на субјекти кои ќе бидат предмет на законска можност за поврат на дел од акцизата за екстра лесното гориво. Кај овој модел од особена важност е потребата од усогласување на временскиот период во кој субјектите кои користат екстра лесно гориво за греење да ги започнат и завршат своите

активности за премин кон користење на друг поеколошки енергенс во своето работење, а при тоа да се избегнат дополнителни финансиски оптоварувања на компаниите.

**Модел 3**

Моделот на комбинирано зголемување на акцизата од една страна и намалување на износот за поврат на акцизата, е модел со јасна намера на крајот од дефиниран период да се воспостави систем на изедначена акциза помеѓу екстра лесното и дизел горивото без систем за поврат на акцизата за екстра лесното гориво.

Моделот во основа треба да функционира на следниот принцип.

Во првата година се воспоставува систем на поврат на дел од платената акциза за екстра лесното гориво за сите субјекти кои ќе докажат за која намена и во која количина потрошиле екстра лесно гориво, со можност за поврат на дел од платената акциза. Износот за поврат ќе се искажува во денари за литар. Паралелно на оваа мерка, акцизата за екстра лесното гориво исто така да се зголеми за истиот износ за кој ќе се враќа дел од платената акциза.

Наредната година, износот за акцизата за екстра лесното гориво дополнително да се зголеми за одреден износ, но износот за поврат да остане на претходно утврдениот.

Третата година, акцизата на екстра лесното гориво да се изедначи со акцизата на дизел горивото, а износот за поврат да остане ист како во првата година.

Четвртата година износот на акцизата за поврат да се намали за 50%.

Петтата година да се укине системот за поврат на акцизата за екстра лесното гориво.

И кај овој модел од особена важност е намерата субјектите кои користат екстра лесно гориво за греење да ги започнат и завршат своите активности за премин кон користење на друг поеколошки енергенс во своето работење, а при тоа да се обезбеди постепен премин и минимизирање на дополнителните финансиски оптоварувања на компаниите.

**Заклучок**

Со предлогот на моделот 1, се очекува значително намалување на злоупотребата на екстра лесното гориво, но од друга страна подразбира на подолг рок потреба од зголемување на административниот капацитет на државната администрација во спроведувањето на мерките за надзор и контрола кај субјектите кои ќе користат екстра лесно гориво и кои ќе бараат поврат на акцизата. Со тек на времето можно е дел од сивата економија и злоупотребите да се појават и кај дел од субјектите кои ќе бараат поврат на акцизата.

Во предлогот на моделот 2 со дефиниран временски период на важност на повратот на акциза, како и во случајот на моделот 3 со постепеното изедначување на акцизите на двата енергенти и паралелен систем на поврат, од исклучителна важност е јасната порака дека на крајот процесот ќе резултира со укинување на системот за поврат на акцизата за екстра лесното гориво. Се овие два модели значително ќе се придонесе за сузбивање на сивата економија, намалување на нелојалната конкуренција, трајно елиминирање на злоупотребата на екстра лесното гориво. И во двата случаи е

јасно нагласена потребата за преструктуирање на субјектите кон користење на друг енергенс, односно давање на временска рамка за преадаптација и подготовка за користење на поеколошки енергенси како замена за екстра лесното гориво.

Царинска Управа